Архивски знак: ...
Рок на чување: ...
08-07-2016

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.05

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

## ОДЛУКА

### за избор и поништување на делови од постапка за доделување на договор за јавна набавка

Врз основа на Извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-026986/16-0018 од 01.07.2016 година, по спроведена со барање за прибирање на понуди со оглас број 14/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „Одржување на опрема во лабораторија и калибрација на мерни инструменти“,

- за ДЕЛ 1 – Одржување на спектрометар Varian FTIR Spektrometar, Model Excalibur 3100 with MIRacle UATR, како најповолен понудувач се избира „Би-Ел инженеринг ДООЕЛ“ од Струмица
- за ДЕЛ 9 – Калибрација на маса и температура со сертификат ISO 17025, како најповолен понудувач се избира „МРТ Ваги ДОО“- Скопје

за ДЕЛ 2, ДЕЛ 3, ДЕЛ 4, ДЕЛ 5, ДЕЛ 6, ДЕЛ 7, ДЕЛ 8, ДЕЛ 10 и ДЕЛ 11 постапката се поништува, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка, ќе се уредат согласно член 208 од Законот за јавни набавки со посебен договор.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, Директорот на Царинска управа на Р.Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-026986/16-0005 од 12.05.2016 година за јавна набавка - „Одржување на опрема во лабораторија и калибрација на мерни инструменти“,

Износот на средствата од 500.000,00 денари, вклучувајќи ги трошоците за даноци и други јавни давачки ќе бидат планирани и обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2016 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424.

Согласно член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со постапка со барање за прибирање на понуди, во хартиена форма, со примена на електронска аукција за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 9 и без примена на електронска аукција за

ДЕЛ 2, ДЕЛ 3, ДЕЛ 4, ДЕЛ 5, ДЕЛ 6, ДЕЛ 7, ДЕЛ 8, ДЕЛ 10 и ДЕЛ 11 бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-026986/16-0018 од 01.07.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка за ДЕЛ 1 – Одржување на спектрометар Varian FTIR Spektrometar, Model Excalibur 3100 with MIRacle UATR, како најповолен понудувач се избира „Би-Ел инженеринг ДООЕЛ" од Струмица со доставена понуда број 05-026986/16-0011 од 14.06.2016 година и за ДЕЛ 9 – Калибрација на маса и температура со сертификат ISO 17025, како најповолен понудувач се избира „МРТ Ваги ДОО"- Скопје со доставена понуда број 05-026986/16-0012 од 14.06.2016година, а за ДЕЛ 2, ДЕЛ 3, ДЕЛ 4, ДЕЛ 5, ДЕЛ 6, ДЕЛ 7, ДЕЛ 8, ДЕЛ 10 и ДЕЛ 11 се предлага поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно член 169 став 1 алинеја 2, бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска –Крстевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ С К О П

Бр.05-026986/16-0020
Скопје, 06.07.2016 г.
0 8 -07- 2016

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки,

Изработил: Горан Кузевски
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески